# РЕГИСТАР НА МЕМОРИЈАЛНИ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# СПОМЕНИК НА
# МЕТОДИЈА АНДОНОВ - ЧЕНТО

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН ВО 2002 ГОДИНА НА УЛ. ЈУЖНОМОРАВСКИ БРИГАДИ, ВО ПАРКОТ ВО НАС. МЕСТО ЧЕНТО




## ИВЕСТИТОР

АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ, ПОРАНЕШЕН ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ВМРО-ДПМНЕ Е ДОНАТОР И ИНИЦИЈАТОР НА ПОСТАВУВАЊЕТО НА СПОМЕНИКОТ НА ЧЕНТО

## ОПИС

МЕТОДИЈА АНДОНОВ - ЧЕНТО Е РОДЕН Е НА 17 АВГУСТ 1902 ГОДИНА ВО ПРИЛЕП. СЕ ЗАЛАГАЛ МАКЕДОНСКИТЕ ДЕЦА ДА ГО УЧАТ И СЛОБОДНО ЗБОРУВААТ МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК. ПРИДРУЖУВАЈЌИ ИМ СЕ НА ПАРТИЗАНИТЕ, НА 2 АВГУСТ 1944 ГОДИНА, КАКО УЧЕСНИК НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ, Е ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. БИЛ И ДЕЛЕГАТ И ЧЛЕН НА АВНОЈ. ОБВИНЕТ ЗА НАЦИОНАЛИЗАМ - ДЕКА САКАЛ ОТЦЕПУВАЊЕ НА НР МАКЕДОНИЈА ОД ЈУГОСЛАВИЈА БИЛ ОСУДЕН НА 11 ГОДИНИ ЗАТВОР. ПОЧИНАЛ ВО ПРИЛЕП НА 24 ЈУЛИ 1957 ГОДИНА.

.

# СПОМЕН – БИСТА НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА Е ВО ДВОРОТ НА ООУ ГРИГОР ПРЛИЧЕВ ВО НАС. МЕСТО ЖЕЛЕЗАРА

## ПАТРОНАТ

25 МАРТ




## ОПИС

ГРИГОР СТАВРЕВ ПРЛИЧЕВ (18.01.1830 – 6.02.1893, ОХРИД) БИЛ МАКЕДОНСКИ ПИСАТЕЛ И ЗНАЧАЕН ПРЕТСТАВНИК НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ОД XIX ВЕК. ОВОЈ ГЕНИЈАЛЕН ЛИТЕРАТ ВО СВОИТЕ ДЕЛА ГИ ОБЕДИНУВА КЛАСИЦИЗМОТ И РОМАНТИЗМОТ, КАКО СТИЛСКИ БЕЛЕЗИ, ПИШУВАЈЌИ НА ГРЧКИ, БУГАРСКИ И МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК. МАКЕДОНИЈА МУ Е И ЉУБОВ И СУДБА,БОЛКА И ОЧАЈ, НЕОПХОДНОСТ И ТАГА, ЛУЛКА И ГРОБ.

# СПОМЕН – БИСТА НА СТЕВАН НАУМОВ - СТИВ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА Е ВО ДВОРОТ НА ООУ СТИВ НАУМОВ ВО НАС. МЕСТО АВТОКОМАНДА

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.09-5171/13 ОД 21.11.2018 ГОДИНА (ВРЕДНОСТ: 61.000 ДЕН)




## ОПИС

СТЕФАН НАУМОВ-СТИВ ( 27.10. 1920 – 12.09. 1942) – МАКЕДОНСКИ КОМУНИСТ, УЧЕСНИК ВО НОВ. БИЛ ПРОГЛАСЕН ЗА НАРОДЕН ХЕРОЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА НА 29 ЈУЛИ 1945 ГОДИНА, КАКО ЕДЕН ОД ПРВИТЕ БОРЦИ ОД МАКЕДОНИЈА КОИ ГО ДОБИЛЕ ТОА ОДЛИКУВАЊЕ.

ПАТРОНАТ НА 28 ОКОТОМВРИ.

# СПОМЕН – БИСТА НА ОЛИВЕРА ЈОЦИЌ - ВЕРА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА Е ВО ДВОРОТ НА ООУ ВЕРА ЈОЦИЌ ВО НАС. МЕСТО ХИПОДРОМ НА 24 МАРТ 2025 ГОД

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.09-5171/14 ОД 21.11.2018 ГОДИНА

(ВРЕДНОСТ: 61.000 ДЕН)

АВТОР : ФИЛИП НОВЕСКИ




## ОПИС

ВЕРА ЈОЦИЌ Е НАРОДНА ХЕРОИНА ОД СКОПЈЕ, ДЕЕЦ НА КПЈ И НАРОДЕН ХЕРОЈ НА ЈУГОСЛАВИЈА ОД МАКЕДОНИЈА. РОДЕНА Е ВО С. СИНЃЕЛИЌ, СКОПСКО. ДЕЈСТВУВАЛА ВО РЕДОВИТЕ НА ПАРТИЗАНСКОТО ДВИЖЕЊЕ И НА 20.05.1944 ГОДИНА Е ТЕШКО РАНЕТА ВО БОРБИТЕ КАЈ СТРАЦИН ВО КОНФЛИКТ СО БУГАРСКАТА АРМИЈА. ПОЧИНАЛА ПОСЛЕ ТРИ ДЕНА, А НЕЈЗИНАТА СМРТ Е ВОСПЕАНА ВО ПЕСНИТЕ „ОЧИ“ И „ЉУБОВ“ ОД АЦО ШОПОВ. ЗА НАРОДЕН ХЕРОЈ БИЛА ПРОГЛАСЕНА НА 20.12.1951 ГОДИНА.

ПАТРОНАТ НА 22 МАЈ

# СПОМЕН – БИСТА НА ДАНЕ КРАПЧЕВ - СТАРИ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА Е ВО ДВОРОТ НА ООУ ДАНЕ КРАПЧЕВ ВО НАС. МЕСТО ЧЕНТО ВО 1978 ГОД

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.09-5171/11 ОД 21.11.2018 ГОДИНА
(ВРЕДНОСТ: 61.000 ДЕН)
АВТОР : ПЕРО НАНЕВСКИ



ДАНЕ КРАПЧЕВ - СТАРИ Е ПРВОБОРЕЦ И ПРВ ПОЛИТИЧКИ КОМЕСАР НА СКОПСКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД. НЕГОВИОТ КРАТОК ЖИВОТЕН ПАТ ЗАПОЧНУВА НА 2.02.1912 ГОДИНА ВО ИВАНИЦА КАКО ШЕСТО ДЕТЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО, КОЕ ЗАРАДИ ПОЛИТИЧКАТА СЛУЖБА НА ТАТКО МУ,ПОСТОЈАНО СЕ СЕЛИ. ВО СУДИРОТ СО БУГАРСКИОТ ОКУПАТОР НА ПЛАНИНАТА ПЛАЧКОВИЦА, НА 24 МАЈ 1944 ГОДИНА ДАНЕ КРАПЧЕВ ГО ГУБИ ЖИВОТОТ И СЕ ВБРОЈУВА ВО РЕДОТ НА БОРЦИТЕ ЗА СЛОБОДА НА СВОЈАТА ТАТКОВИНА.

СТАРАТА СПОМЕН – БИСТА, ОТКРИЕНА ВО 1978 ГОДИНА, Е УКРАДЕНА ПРЕД 15 ГОДИНИ И Е ДОНЕСЕНА ОДЛУКА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА СПОМЕН-БИСТА
СО БР.09-5171/11 ОД 21.11.2018 ГОДИНА
(ВРЕДНОСТ: 61.000 ДЕН)

# СПОМЕН – БИСТА НА НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА Е ВО ДВОРОТ НА ООУ НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ ВО НАС. МЕСТО МАЏАРИ

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.09-5171/12 ОД 21.11.2018 ГОДИНА (ВРЕДНОСТ: 61.000 ДЕН)



## ОПИС

НАУМ НАУМОВСКИ - БОРЧЕ (1.05.1920 – 28.09.1960) — МАКЕДОНСКИ КОМУНИСТ, УЧЕСНИК ВО НОБ, НАРОДЕН ХЕРОЈ. СТАНАЛ ЧЛЕН НА КПЈ ВО 1940 ГОДИНА И УЧЕСТВУВАЛ НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ. ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО, ВО ДВА МАНДАТА Е ГРАДОНАЧАЛНИК НА СКОПЈЕ: ВО 1950 И ОД 1956 ДО 1960 ГОДИНА.

# СПОМЕН БИСТА НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА Е ВО ЦЕНТАРОТ НА НАС. МЕСТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ , ТРУБАРЕВО

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.09-1321/14 ОД 03.03.2015 ГОДИНА
(ВРЕДНОСТ: 31.000 ДЕН)
АВТОР: ЗОРАН ТОШЕВСКИ




## ОПИС

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (4.02. 1872 - 4 МАЈ 1903) — МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ХЕРОЈ, ДЕЕЦ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА, АПОСТОЛ И ИДЕОЛОГ, УЛЕСНИК, ОРГАНИЗАТОР И ВОДАЧ НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ КОН КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК.
НА ПАТ ОД СОЛУН КОН СЕРСКО НА ЗАКАЖАНИОТ КОНГРЕС НА СЕРСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ, ВОЈСКАТА ГО ОПКОЛИЛА СЕЛОТО БАНИЦА,НА 3 МАЈ, И ВО БОРБАТА УТРОТО ЗАГИНАЛ ДЕЛЧЕВ, БЕСКОМПРОМИСНИОТ БОРЕЦ ЗА САМОСТОЈНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА.

# СПОМЕН БИСТА
# ТРАЈКО ПОПОВ (1907-1946)

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНА НА СРЕД СЕЛО ВО РАШТАК

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.09-1321/15 ОД 30.03.2015 ГОДИНА (ВРЕДНОСТ: 31.000 ДЕН)




## ОПИС

ТРАЈКО ПОПОВ Е РОДЕН ВО С. РАШТАК, СКОПСКО, КОЈ ЗАЕДНО СО БОРИСЛАВ ГРАДИШКИ ЈА ФОРМИРААТ ВМРО-ВСКАТА (ЦЕНТРАЛИСТИЧКА) ОРГАНИЗАЦИЈА "МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ - БУНТ", ВО СКОПЈЕ, НА 30 МАЈ 1938 ГОД. ЗА ПРОПАГИРАЊЕ НА ИДЕЈАТА ЗА САМОСТОЈНА, ОБЕДИНЕТА, СУВЕРЕНА И ПАРЛАМЕНТАРНА ДРЖАВА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, СПРОТИВСТАВУВАЈЌИ СЕ НА АНТИМАКЕДОНСКАТА АСИМИЛАЦИЈА СПРОВЕДУВАНА ОД СРПСКИТЕ, ГРЧКИТЕ, АЛБАНСКИТЕ И БУГАРСКИТЕ ОКУПАТОРИ НА МАКЕДОНИЈА. ЗАРАДИ „БУНТОТ" ПРОТИВ ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЗАБЛУДА ВО РЕШАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ, ВО МАЈ 1945 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ, БЕА ЗАТВОРЕНИ АКТИВИСТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, РЕПРЕСИРАНИ И СУДЕНИ.

# СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈЕ НА ФОНТАНА И СПОМЕНИК НА ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНИ СЕ НА ПЛОШТАД ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ ВО НАС. АВТОКОМАНДА

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР.07-3236/16 ОД 26.06.2008 ГОДИНА

АВТОР : ВАЛЕНТИНА КАРАНФИЛОВА - СТЕВАНОВСКА





## ОПИС

СПОМЕНИКОТ НА ПЛОШТАДОТ ВО НАСЕЛБАТА АВТОКОМАНДА Е ПОСВЕТЕН НА СТАРОМАКЕДОНСКИОТ КРАЛ ФИЛИП II МАКЕДОНСКИ. ВИСОК Е 5 МЕТРИ НА ПОСТАМЕНТ, ДО НЕГО СЕ НАОЃА ФОНТАНА ОКОЛУ КОЈА СТОЈАТ ЧОВЕЧКИ ФИГУРИ. ПОСТАМЕНТОТ Е ИСПОЛНЕТ СО РЕЉЕФИ. ИЗЛЕАН Е ВО ЛЕАРНИЦАТА „ЈЕРЕМИЌ“ ОД БЕЛГРАД, А НЕГОВОТО ЛИЕЊЕ ЧИНЕЛО 330 000 ЕВРА.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН НА КУЌАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕШЕ И РАБОТЕШЕ АЛИЈА АВДОВИЌ, ВО С. СИНЃИЛИЌ - СКОПСКО

## ИВЕСТИТОР

ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА СААТ КУЛА , 04.06.1961 Г СКОПЈЕ




## ОПИС

АЛИЈА АВДОВИЌ (1912 - 1941) — МАКЕДОНСКИ ПРВОБОРЕЦ, КОМУНИСТИЧКИ ДЕЕЦ, БОРЕЦ ЗА СЛОБОДА НА МАКЕДОНИЈА И УЧЕСНИК ВО НОВ. ВО НЕГОВАТА КУЌА СЕ СОБИРАЛЕ КОМУНИСТИТЕ, ЗАРАДИ ШТО БИЛ ПРОГОНУВАН ОД СРПСКАТА ПОЛИЦИЈА. НЕПОСРЕДНИТЕ МИГОВИ ПРЕД СТРЕЛАЊЕТО ЗАПАМЕТЕН Е НЕГОВИОТ ХРАБАР И ДОСТОИНСТВЕН ПОТЕГ, СО ПОСЛЕДНИТЕ ЗБОРОВИ : „ОВДЕ НЕМА ДРУГИ КОМУНИСТИ, ОСВЕН БОРО ТОДОРОВИЌ И МЕНЕ. ВИЕ ЌЕ МЕ СТРЕЛАТЕ, НО НАШИОТ ДУХ И ВЕРАТА ВО ПОБЕДАТА, ЌЕ ОСТАНАТ ВЕЧНИ”.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН НА КУЌАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕШЕ И РАБОТЕШЕ ОЛИВЕРА ЈОЦИЌ - ВЕРА, ВО С. СИНЃИЛИЌ - СКОПСКО

## ИВЕСТИТОР

ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА СААТ КУЛА , 04.06.1961 Г СКОПЈЕ






## ОПИС

СПОМЕН - БЕЛЕГОТ Е ПОСТАВЕН НА 4 ЈУЛИ 1961ГОДИНА, НА ФАСАДАТА НА КУЌАТА ВО КОЈА СЕ РОДИЛА, ЖИВЕЕЛА И РАБОТЕЛА ОЛИВЕРА ЈОЦИЌ - ВЕРА. СПОМЕН - БЕЛЕГОТ Е ОТСТРАНЕТ КОГА КУЌАТА Е ПРОДАДЕНА И СЕГА Е ПРЕМЕСТЕН ВО ХОЛОТ НА ИСТОИМЕНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е НА ФАСАДАТА НА ЗГРАДАТА НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ВО С. СИНЃИЛИЌ (ЈАНЕ САНДАНСКИ)

## ИВЕСТИТОР

МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЈАНЕ САНДАНСКИ, 1971 Г.




## ОПИС

НА МЕРМЕРНАТА ПЛОЧА СЕ НАПИШАНИ ИМИЊА НА НАРОДНИТЕ ХЕРОИ ВЕРА ЈОЦИЌ И АЛИЈА АВДОВИЌ И БОРЕЦОТ ЗЕКИР УСЕИНИ, КОИ ГИ ПОЛОЖИЈА СВОИТЕ ЖИВОТИ ВО БОРБАТА ЗА СЛОБОДА И ДВЕ ИМИЊА НА ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР. ОТКРИЕН Е ВО 1971ГОДИНА.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕНИ СЕ НА ФАСАДАТА НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА ВО С. ЦРЕШЕВО

## ИВЕСТИТОР

СОЈУЗ НА БОРЦИТЕ ОД НОБ ЗА СКОПСКА ОКОЛИЈА НА 11.10.1951 Г. И МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЦРЕШЕВО ВО 1971 Г.







## ОПИС

ВО СЕЛОТО СЕ ПОСТАВЕНИ ДВА СПОМЕН-БЕЛЕЗИ. ПРВИОТ Е ПОСТАВЕН НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА ВО СЕЛОТО НА 11 ОКТОМВРИ 1951 ГОДИНА ВО ЗНАК НА ПРИЗНАНИЕ НА СИТЕ БОРЦИ ОД 16-ТАТА БРИГАДА, КОИ ВОДЕА ТЕШКИ БОРБИ ПРОТИВ ГЕРМАНЦИТЕ.

ВТОРИОТ СПОМЕН - БЕЛЕГ Е ПОСТАВЕН НА ИСТАТА УЧИЛИШНА ЗГРАДА ВО 1971 ГОДИНА НА КОЈ СЕ ЗАПИШАНИ ЕДИНАЕСЕТ ИМИЊА НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА И СЕДУМТЕ ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е НА ФАСАДАТА НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА НАУМ ОХРИДСКИ ВО С. БУЛАЧАНИ

## ИВЕСТИТОР

МЕСНА ЗАЕДНИЦА БУЛАЧАНИ ВО 1971 Г.




## ОПИС

СПОМЕН - БЕЛЕГОТ Е ОТКРИЕН ВО 1971 ГОДИНА. НА МЕРМЕРНАТА ПЛОЧА СЕ НАПИШАНИ ЕДИНАЕСЕТ ИМИЊА НА ЗАГИНАТИТЕ БОРЦИ ВО НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА, КОИ СЕ БОРЕЛЕ И ЗАГИНАЛЕ НА РАЗНИ БОИШТА ШИРУМ ЈУГОСЛАВИЈА И ИМИЊА НА ТРИ ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е НА ФАСАДАТА НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ВО С. РАШТАК

## ИВЕСТИТОР

МЕСНА ЗАЕДНИЦА РАШТАК ВО 1971 Г.




## ОПИС

НА СПОМЕН ПЛОЧАТА СЕ НАПИШАНИ ИМИЊАТА НА ОСУМ БОРЦИ ОД СЕЛОТО РАШТАК, КОИ ГИ ПОЛОЖИЈА ЖИВОТИТЕ ВО БОРБАТА ЗА СЛОБОДА НА НАШАТА ТАТКОВИНА, ВО НОВ И РЕВОЛУЦИЈАТА. ОТКРИЕН Е ВО 1971 ГОДИНА.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПРВПАТ Е ПОСТАВЕН НА ФАСАДАТА НА СТАРАТА УЧИЛИШНА ЗГРАДА ВО С. МАЏАРИ, ПОДОЦНА СРУШЕНА, А СЕГА СЕ НАОЃА ПРЕД КИНО МАЏАРИ

## ИВЕСТИТОР

СОЈУЗ НА БОРЦИ ОД НОВ ПРИ МЕСНА ЗАЕДНИЦА МАЏАРИ ВО 1971 Г.




## ОПИС

НА МЕРМЕРНАТА ПЛОЧА СЕ ВДЛАБЕНИ ДЕВЕТ ИМИЊА НА БОРЦИ ОД СЕЛАТА ТРУБАРЕВО, МАЏАРИ И БЕЛИМБЕГОВО, КОИ ГИ ПОЛОЖИЈА СВОИТЕ ЖИВОТИ ВО БОРБАТА ЗА СЛОБОДА И ТРИ ИМИЊА НА ЖРТВИ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР. ОТКРИЕН Е ВО 1971ГОДИНА.

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ЗАГИНАТИ БОРЦИ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е НА ПЛОШТАДОТ ФИЛИП ВТОРИ МАКЕДОНСКИ ВО Н. АВТОКОМАНДА

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА БР.07-1830/21 ОД 31.05.2013 ГОДИНА

АВТОР : ТОНИ РИСТЕСКИ




## ОПИС

СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ НА ПРОГОНУВАНИ, СУДЕНИ, ЗАТВОРЕНИ, УБИЕНИ И УСПОКОЕНИ ЗА ИДЕИТЕ НА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ ОД 1945Г – 1990Г

# СПОМЕН - БЕЛЕГ НА ИГОР НИКОЛОВСКИ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е НА ПЛОШТАДОТ ВО НАС. МЕСТО ХИПОДРОМ

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА




## ОПИС

ИГОР НИКОЛОВСКИ Е РОДЕН ВО 1975 ГОДИНА, ВО СКОПСКАТА НАСЕЛБА ЧЕНТО. НА ПОЧЕТОКОТ НА ВОЕНИОТ КОНФЛИКТ 2001 ГОДИНА, ВО ПОТРАГА ПО СИГУРНОСТА И ЕГЗИСТЕНЦИЈАТА НА СВОЕТО СЕМЕЈСТВО, ИГОР СТАПИ ВО РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ЗАГИНУВА НА 26 МАРТ 2001 ГОДИНА КАЈ КАРАУЛАТА ЧАШКА, ДОДЕКА БИЛ ВО ПАТРОЛА НА НАБЉУДУВАЧКИТЕ ПУНКТОВИ НА СЕВЕРНАТА ГРАНИЦА.

ПОСМРТНО Е ОДЛИКУВАН СО МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА Р. МАКЕДОНИЈА.

# СПОМЕН - БИСТА НА БОБАН ИВАНОВИЌ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е НА ПЛОШТАДОТ ВО НАС. МЕСТО СТАЈКОВЦИ

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР. 09-2037/5 ОД 30.05.2016

ВРЕДНОСТ : 31.000 ДЕН.




## ОПИС

ЗАГИНАТ ПРИПАДНИК НА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИЦИЈА ВО АНТИТЕРОРИСТИЧКА АКЦИЈА ВО ДИВО НАСЕЉЕ, КУМАНОВО, 09-10.05.2015ГОДИНА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРГЕ ИВАНОВ ПОСМРТНО ГО ОДЛИКУВА СО „МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ“ ЗА ПОКАЖАНАТА ИСКЛУЧИТЕЛНА ХРАБРОСТ И САМОПРЕГОР ВО ОДБРАНА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И СУВЕРЕНИТЕТ НА ЗЕМЈАВА.

# СПОМЕН - БИСТА НА ГОРАН СТОЈМЕНОВИЌ

## ЛОКАЦИЈА

ПОСТАВЕН Е ВО МЕМОРИЈАЛНИОТ ПАРК КАЈ МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ПИТУ ГУЛИ ВО Н.М. ИНЏИКОВО

## ИВЕСТИТОР

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СО ОДЛУКА НА СОВЕТ СО БР. 09-2037/6 ОД 30.05.2016
ВРЕДНОСТ : 31.000 ДЕН.




## ОПИС

ЗАГИНАТ ПРИПАДНИК НА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИЦИЈА ВО АНТИТЕРОРИСТИЧКА АКЦИЈА ВО ДИВО НАСЕЉЕ, КУМАНОВО, 09-10.05.2015ГОДИНА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРГЕ ИВАНОВ ПОСМРТНО ГО ОДЛИКУВА СО „МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ“ ЗА ПОКАЖАНАТА ИСКЛУЧИТЕЛНА ХРАБРОСТ И САМОПРЕГОР ВО ОДБРАНА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ИНТЕГРИТЕТ И СУВЕРЕНИТЕТ НА ЗЕМЈАВА.